# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2020

**СЕПТЕМВРИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **7**

### ОБЛАСТ

| Област | Број |
|---|---|
| работни односи | 2 |
| образование | 0 |
| социјална сигурност | 0 |
| здравство | 0 |
| пристап до добра и услуги | 1 |
| домување | 0 |
| медиуми | 0 |
| избирачки права | 0 |
| друго | 4 |

## Реакции

Реакции овој месец **11**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| Вид на реакција | Број |
|---|---|
| осуда од функционери | 0 |
| соопштение од здр. на граѓани | 11 |
| протест | 0 |
| мислења на Народен Правобранител | 1 |
| мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 |
| останато | 0 |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| | |
|---|---|
| Активности на ДИ | 1 |
| Активности на здрж. на граѓани | 0 |

## Карактеристики на жртвата:

| род | родов идентитет | пол | сексуална ориентација | етничка припадност | попреченост | корисници на дроги | друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14.28% | 0% | 28.56% | 0% | 14.28% | 0% | 42.84% | 14.28% |

### ПОВЕЌЕКРАТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Кумулативна | 1 |
| Интерсекциска | 0 |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Директна | 4 |
| Индиректна | 0 |
| Вознемирување | 3 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 2 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

### СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2020




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ЗА СЕПТЕМВРИ 2020

СЛУЧАЈ:

Во септември на социјалните медиуми беше објавено видео на кое јасно се гледа како полициски службеници користат сериозна физичка сила врз припадници на ромската заедница во Битола. Настанот се случил на 22.9.2020 година, кога тројца Роми имале сообраќајна несреќа со автомобил и удриле во бетонски ѕид. Во непосредна близина биле припадници на сообраќајната полиција, кои без никаква причина ги извлекле лицата од автомобилот и започнале брутално да ги тепаат. Дополнително, лицата ги задржале во полициската станица до 5 часот наутро, каде што биле навредувани и вознемирувани. Тие сакале случајот да го пријават во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, но тоа не им било дозволено.

Мрежата за заштита од дискриминација реагираше на полициската бруталност, особено кон Ромите, која станува честа практика. Пред само три месеци полициски служебници брутално се однесуваа кон бездомните Роми кои живеат во близина на објектот на ПИОМ во Скопје. Овие случаи говорат за постоење расистички предрасуди кај полициските службеници и го потврдуваат нивното самоволно, непрофесионално и незаконско постапување.

Поради ова, Мрежата побара Министерството за внатрешни работи (МВР) интензивно да работи на расчистување на случајот и утврдување кривична одговорност на полициските службеници согласно членовите 142 „Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување“ и 143 „Малтретирање во вршење на служба“, очигледно поттикнати од расистички, дискриминаторски мотиви. За целокупниот процес на истрага и за преземените дејствија кон полициските службеници, јавноста навремено да биде информирана. Имајќи предвид дека практиката на неказнивост на полициските службеници што го прекршуваат законот и ги пречекоруваат своите овластувања е една од причините за ваквото брутално однесување, беше побарано МВР веднаш да отвори инклузивен процес на измени на Законот за полиција и на Правилникот за начинот на вршење на полициските работи, како и да донесе подзаконски акти кои ќе го адресираат структурниот проблем на расистичко постапување во полицијата.

СУДСКА ПРАКСА:

Во случајот Г. Л. против Италија, Европскиот суд за човекови права едногласно утврдил повреда на членот 14 (забрана за дискриминација) од Европската конвенција за човекови права во врска со членот 2 (право на образование) од Протоколот број 1 кон Конвенцијата. Судот одлучил дека со членот 14 е опфатена покрај забраната за дискриминација, и обврската на државите да обезбедат соодветно приспособување за отстранување на фактичките нееднаквости, кои во отсуство на оправданост резултираат со дискриминација.

Жалителката е девојче со невербален аутизам, кое во првите две години од основното образование не ја добило специјализираната асистенција предвидена со законодавството. Поради тоа, таа била принудена да плати за приватна специјализирана асистенција. Имено, внатрешниот правен поредок на Италија им го гарантира правото на образование на децата со попреченост во инклузивна средина во редовните државни училишта. Доколку за тоа има потреба, наставници за поддршка во учењето или други образовни асистенти мора да бидат присутни на часовите кои ги посетуваат деца со попреченост. Но, во конкретниов случај, надлежните власти не ги оцениле вистинските потреби на жалителката или можните решенија за да ѝ овозможат да посетува настава во основно образование, под еднакви услови со останатите ученици, на начин што нема да претставува непропорционален или непотребен административен товар. Судот утврдил дека дискриминацијата што ја претпрела жалителката е толку посериозна, ако се има предвид дека се случила во основното училиште, каде што децата го добиваат основното образование, се запознаваат со општествената интеграција и ги стекнуваат првите искуства на живеење во заедница.

Судот утврдил дека членот 14 од Конвенцијата мора да биде толкуван во смисла на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, која предвидува дека оневозможувањето на соодветно приспособување претставува дискриминација врз основа на попреченост. Оттука, Судот заклучува дека е од исклучителна важност државите да бидат внимателни секогаш кога одлучуваат по ова прашање, имајќи го предвид влијание на тие одлуки врз децата со попреченост чија ранливост не треба да се занемари.

[1] G.L. v. Italy (Application no. 59751/15) https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-204685%22]}.

РЕСУРСИ:

1. Агенција за фундаментални права (ФРА), „Пандемијата предизвикана од коронавирусот во ЕУ – влијание врз Ромите и патувачите – петти месечник“ –

https://fra.europa.eu/en/publication/2020/-covid19-rights-impact-september-1

2. Групација за миграциона политика „Прирачник за директивата за расна еднаквост“ –

https://www.migpolgroup.com/wp-content/uploads/2020/09/MIND-SET-Handbook-on-the-Racial-Equality-Directive-003-final.pdf

3. Еквинет, „Како Ковид-19 ги засилува и истакнува нееднаквостите кон постарите лица“ –

https://equineteurope.org/2020/covid-compounding-inequalities-against-older-persons/

4. Хелсиншки комитет за човекови права „Посебен извештај за состојбата со човековите права во време на Ковид-19“ –

https://mhc.org.mk/reports/poseben-izveshta%D1%98-za-sosto%D1%98bata-so-chovekovite-prava-vo-vreme-na-kovid-19-2/

5. Коалиција МАРГИНИ, Мрежа за заштита од дискриминација „Извештај од набљудување на работата на Народниот правобранител со фокус на спречувањето и заштитата од дискриминација: (2010-2019)“ –

http://coalition.org.mk/portfolio_page/11468/

6. Македонско здружение на млади правници „Тековни предизвици за интеграцијата на бегалците, мигрантите и барателите на азил проследена со дискриминација, ксенофобија и кривични дела од омраза“ –

https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/Analiza-3-Tekovni-predizvici-za-integracijata....pdf

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**